## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5442 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** (*„Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма"*).
- **Член 75-б од Изборниот законик** (*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект"*).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Шестиот десетдневен период, од 22 до 31 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 3 часа 55 минути и 8 секунди прилози со информативни жанрови.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:27:55 | 11,87 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:15 | 3,51 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:57 | 2,96 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:48 | 4,17 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:12 | 6,04 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:26 | 8,18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:34 | 5,34 | % |
| Без субјекти | 00:21:08 | 8,99 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:58 | 1,69 | % |
| Други субјекти | 00:32:44 | 14,86 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:06:31 | 2,77 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:25 | 1,03 | % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:22 | 0,16 | % |
| ДЕМОС | 00:00:22 | 0,16 | % |
| ФРОДЕМ | 00:02:22 | 1,01 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:19 | 1,41 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:44 | 0,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:24 | 1,87 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:34 | 0,24 | % |
| СДСМ | 00:06:30 | 2,76 | % |
| Судство | 00:09:32 | 4,05 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:58 | 3,39 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:26 | 0,18 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:26 | 0,18 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:26 | 0,18 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:26 | 0,18 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:43 | 0,73 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:13 | 0,94 | % |
| Левица | 00:00:45 | 0,32 | % |
| Унитети | 00:00:27 | 0,19 | % |
| Либерална партија | 00:00:37 | 0,26 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:59 | 0,84 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:59 | 7,22 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:31 | 1,07 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:52 | 0,37 | % |
| Привремена комисија | 00:00:56 | 0,40 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:22 | 0,16 | % |
| | **Вкупно: 03:55:08** | **100** | **%** |

Во овој извештаен период, најмногу време во Дневникот во 18 часот и 30 минути е одвоено за методолошките категории *„Други субјекти“* (32 минути и 44 секунди), *„Влада на РМ“* (27 минути и 55 секунди),

*„Граѓански сектор“* (21 минута и 26 секунди), *„Без субјекти“* (21 минута и 8 секунди), *„Органи на државната управа/јавни претпријатија“* (16 минути и 59 секунди) и *„ДИК и други органи“* (14 минути и 12 секунди).

Во категоријата *„Други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: Компанијата Ериксон; Ванчо Петрушевски, добитник на наградата „23 Октомври“; Зоран Тунтев од клубот Лихнидос; Бранка Бугариска од АРС; Владимир Јанкоски од Магор; Олга Михајлова-Тикваровска, поранешена заменичка директорка на МАПАС; Мери Димитриевска, исклучена професорка од СОНК; Горан Рафајловски, стопанственик; Неби Хоџа, претседател на Комората на Северозападна Македонија; Трансмет; Жан Митрев, доктор; Горан Конгуловски, доктор; Народниот правобранител; Слободан Богоевски, поранешен разузнавач; Љубомир Фрчковски, професор и поранешен министер за внатрешни работи; „Фактор плус адрија“; МПЦ; Сушанто Рој, синот на бизнисменот Субрата Рој; Ангела Поп Ристова, поранешна претседателка на општинската изборна комисија во Бутел; НБРМ; Васко Скендеровски, генерален директор на Југохром; Живко Мукаетов, генерален директор на Алкалоид и др.

Владата е субјект во следниве теми: УБК гарантира дека СЈО ќе ги добие податоците, прераскажано соопштение од директорот на управата Владимир Атанасовски; Попречуван влезот на специјалната обвинителка Катица Јанева во МВР; Компанијата „Ериксон“ не е сопственик на опремата во УБК, со директно обраќање директорот на БЈБ Митко Чавков; Шестмина полицајци повредени во тепачка; Молчат институциите по писмото од „Ериксон“; Соопштение од администрацијата на министерката Марта Арсовска Томовска, адресирано до дополнителниот заменик министер Александар Кирацовски; Колска Велес ја вклучи сирената пред Влада, реакција од Владата на РМ; Телеком нема никаков пристап до опремата за следење на комуникации во УБК, изјава на директорот на БЈБ Митков Чавков; Министерката Марта Арсовска Томовска бара докази за партиски притисоци; Извештајот на Светска Банка за 2017 Дуинг бизнис и изјава на вицепремиерот Владимир Пешевски; Изјава на министерот на финансии Кирил Миноски – „Не постои опасност за функционирањето на ПИОМ“; Министерката Елизабета Канческа Милевска и американскиот амбасадор во Македонија Џес Бејли ја претставија реставрираната „Св Богородица Перивлепта“; Писмена изјава од Министерството за транспорт и врски за непосредната спогодба за санирање на обиколницата околу Скопје по невремето и поплавите; Министерката Елизабета Канческа Милевска беше на сослушување во судот, нејзина изјава; Обештетувањето за поплавените почна со помалите суми; Соопштение на Министерството за транспорт и врски по обвинувањата на СДСМ за постапката околу обиколницата; Дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов направил сообраќајка и избегал од полицијата; Министерството за земјоделство го товари Сушанто Рој за долг за закуп; Реконструкција на браните на реката Пена, соопштение од Министерството за локална самоуправа; Јавниот долг за првпат изнесува 50,6% од БДП, соопштение од Министерството за финансии; Заштедите на граѓаните во банките зголемени за само еден процент, изјава на Министерот за финансии Кирил Миноски и др.

За *„Граѓанскиот сектор“* се одвоени 21 минута и 26 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Јане Димевски од Социетас Цивилис; Институтот за креирање политики и добро владеење за Албанците од Р.Македонија; Синдикалниот водач на Колска Велес Слободан Димитриевски; Јаким Неделков, СОНК; Ирена Стеријовска, Драган Додевски и Луми Бекири, „Ние одлучуваме“; Дона Костуранова, МОФ; Симона Младеновска, РИКО; Форумот за родова еднаквост; Маја Ангеловска, младински културен центар Битола; Душко Христов, Банка за храна Македонија; Дарко Алексов, МОСТ; Ристо Ајтов, Синдикат на одбраната; Павле Богоевски и Влатко Васиљ, граѓански активисти; Центарот за економски истражувања и креирање политики; Емил Шимов и Ангел Димитров, здружение на работодавачи; Аријант Џафери, Здружение Еко Герила и др.

Со 21 минута и 8 секунди е присутна методолошката категорија *„без субјекти“* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани за: Исклучените од парно греење, масовното труење со печурки во Сопиште, протестот на стечајците од фабриката „Копачка“ во Кичево, изјави на селаните од Куклиш околу неработењето на пречистителната станица, протестот на поранешните вработени во Алумина, комуналната хигиена, високите давачки за социјалните станови, зголемен бројот на сиромашни во Македонија, обештетувањето за поплавените, Македонец уапсен во Грција во обид за шверц на 40 килограми

канабис, известувањето за зимско сметање на времето, управувачите на товарни возила околу проблемот со нерасчистената патна мрежа кон Бугарија, пожар во семејна куќа во Струмица и др.

Категоријата Органи на државната управа/јавни претпријатија е застапена со 21 минута и 47 секунди, преку активностите на: Македонски железници транспорт; ПИОМ; Јавното претпријатие за државни патишта; КПУ Идризово; ЕЛЕМ; Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор; АВРМ и др.

Со времетраење од 14 минути и 12 секунди, за гласањето на дијаспората и исчезнатите избирачки материјали, е присутна и Државната изборна комисија.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (7 минути и 58 секунди), ВМРО Народна партија (6 минути и 31 секунда) и за СДСМ (6 минути и 30 секунди). Покрај нив во вестите има информации за уште 17 политички субјекти (ДС, МОРО, ДЕМОС, ФРОДЕМ, Коалиција за промени и правда, ППД, ДУИ, СПМ, Сојуз на ромите во Македонија, ДПСМ, ГРОМ, ДПА-ДР, Левица, Унитети, ЛП, ДПА и ОМ), присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции.

Редовно во овие вести се присутни и најави за дневните изданија на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА", кои не се дел од времето прикажано во Табела 1.

Во повеќето прилози, медиумот настојува да обезбеди различни гледишта и мислења.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:01:05 | 1,73 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:39 | 5,82 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:08 | 8,19 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:26 | 11,86 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:34 | 2,50 | % |
| Влада на РМ | 00:03:33 | 5,66 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:07 | 3,38 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:31 | 2,42 | % |
| Други субјекти | 00:12:24 | 19,78 | % |
| СДСМ | 00:03:33 | 5,66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:20 | 2,13 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:04 | 6,49 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:39 | 1,04 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:31 | 0,82 | % |
| Левица | 00:00:30 | 0,80 | % |
| Унитети | 00:00:31 | 0,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:44 | 2,77 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:03:01 | 4,81 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:04 | 9,68 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:05 | 1,73 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:23 | 0,61 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:49 | 1,30 | % |
| | **Вкупно: 01:02:41** | **100** | **%** |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на категориите *„други субјекти", „граѓански сектор" и „експерти/аналитичари"*.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во извештајниот период се емитувани 6 премиерни изданија (од кои 3 како дебати и 3 како интервјуа) и неколку репризи на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА", како и едно репризно издание на емисијата „КОД – Клуч на вистината" со Снежана Лупевска.

**ТОП ТЕМА**

На 22 октомври 2016 година, се емитуваше реприза на интервјуто со специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. На најавната шпица од оваа емисија, темите беа претставени преку следниве прашања: „Специјалното обвинителство – од синоним за борбата за правда во институциите до мета за политички отстрел"; „Какви се опструкциите од наследниците на Мијалков во МВР и во УБК?"; „Кој се плаши од успехот на нејзиниот тим?"; „Колку прислушувањето стана систем на владеење и кој е на чело на ова злосторничко здружение?; „Дали и без заштитени сведоци СЈО има докази за масовниот криминал?"

На 25 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 55 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Гости беа: Павле Трајанов, Демократски сојуз и Звонко Давидовиќ, адвокат. Темата беше: СЈО и судскиот налог за добивање податоци од МВР. Репризата беше на 26 октомври 2016 година.

На 26 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 13 минути, емитувано е премиерно издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. Емисијата е реализирана како интервју. Гостин беше Слободан Богоевски, поранешен разузнавач и директор на УБК. Дел од темите за кои се разговараше беа: „Масовното прислушување стана систем на управување со државата, луѓето, економијата"; „Може ли Јанева да стигне до клучните актери и нарачатели"; „Кои се луѓето што манипулираат со тајните информации на јавната политичка сцена"; „Дали Сашо Мијалков е најмоќниот човек или започна неговата демистификација"; „Кому и како служеше неговиот татко Јордан Мијалков, првиот полицаец на самостојна Македонија"; „Дали ВМРО ДПМНЕ е фабрикувано од белградските тајни служби, зошто се следеа вмровските кадри за националната кауза". Реприза се емитуваше на 27 декември 2016 година.

На 27 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска е на тема: Партиски предизборни комбинаторики, десниот блок и престројувањето на партиите пред изборите. Гости беа: Зоран Димитровски, новинар; Ненад Марковиќ, универзитетски професор и Мерсел Биљаљи, аналитичар. Репризното издание беше на преодот помеѓу 27 и 28 октомври 2016 година.

Во премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов, емитувано на 28 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 19 минути, гости беа: Јове Кекеновски, Фродем; Весел Мемеди, Национална демократска преродба и Ивон Величковски, Либерална партија. Темите за дебата беа: „Платформи за власт или за промени, што ги движи новите осојузувања во македонскиот и албанскиот политички блок?"; „Дали изборниот модел ги носи во битка со ветерници?"; „Што значи повикот за изолација на ВМРО ДПМНЕ?". Репризното издание беше на преодот помеѓу 28 и 29 октомври 2016 година.

На 31 октомври 2016 година, со почеток во 19 часот и 22 минути, во премиерното издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски е реализирано интервју со Љубчо Георгиевски, претседател на ВМРО Народна партија. Се разговараше за: „Љубчо Георгиевски се доближува до партијата што ја основал"; „Каква понуда добил од актуелниот лидер на ВМРО ДПМНЕ"; „Дали Груевски бара заштитник по неговото повлекување"; „Како ќе се премостат коалициските разлики за името, криминалот, СЈО"; „Можно ли е Георгиевски да биде премиер за амнестија и помирување на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ"; „Што ги поврзува Груевски и Георгиевски со ОКТА и Кондоминас"; „Судот во Париз ја задолжи Македонија да плати оштета на грците од над 70 милиони долари, зошто Груевски го сокрил потписот за оваа штета".

**КОД– Клуч на вистината**

На 25 октомври 2016 година, со почеток во 14 часот и 41 минута, емитувано е постаро издание на емисијата „КОД – Клуч на вистината“ со Снежана Лупевска посветено на истрагата за уривањето на кингерот во која загина претседателот Борис Трајковски. Направени се одделни интервјуа со Кирил Каевски и Ѓорѓи Петровски, поранешни професионални пилоти, Благоја Марковски, доктор по военополитички науки, и Зоран Доревски, поранешен полициски началник, автор на книгата „Контраверзии на летот ЗУЛУ 3 Браво-Алфа-Браво“.

***Сектор за програмски работи***